РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-133
19 10 16. 08. 2016 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (5) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштво за услуги, трговија и производство ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ - Кавадарци и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-133 од 01.08.2016 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. СЕ ОВЛАСТУВА за техничка служба Друштвото за услуги, трговија и производство ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ - Кавадарци, согласно член 57 став (1) алинеја 3, 5 и 6 од Законот за возила, на испитното место на ул. Западен Булевар бр.129 – Кавадарци, за постапки на:

а) **Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R,** согласно член 2 став 1 и став (3) алинеи 1, 3 и 4 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

б) **Одобрување на преправено возило од категориите M и N,** согласно член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила тоа за возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и тоа на кое:

- дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас,
- дополнително е вграден уред за спојување на влечното и приклучното возило (кука до 750kg) и
- на кое дополнително се вградени заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ - Кавадарци, поднесе барање за овластување за техничка служба бр.1609-834/1 од 28.06.2016 год. за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-834/5 од 29.07.2016 година со целокупната документација и барањето на ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ - Кавадарци заверено под број УП I бр.25-133 од 01.08.2016 година.

Барањето на ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ - Кавадарци се однесува за овластување за техничка служба на испитното место ул. Западен Булевар бр.129 – Кавадарци, согласно член 57 став (1) алинеја 3, 5 и 6 од Законот за возила, за постапките:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 и став (3) алинеи 1, 3 и 4 од Правилникот за единечно одобрување на возило; и

б) Одобрување на преправено возило од категориите M и N, согласно член 6 точка 10 и член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила тоа за возило:

Со барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-834/5 од 29.07.2016 година, издаден од органот за одобрување;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-062 од 14.06.2012 година со важност до 13.06.2020 год. издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, и Прилог кон сертификатот за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-062 од 13.06.2016 год; Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден 35020160004796 од 24.02.2016 година;

- Доказ за склучен договор за осигурување, Полиса бр.13000130 од Инсинг Македонија АД Скопје со важност до 15.07.2017 година;

- Доказ за сопствен деловен простор, Имотен лист број : 4718 препис, издаден на 12.04.2016 година од Агенција за катастар на недвижности;

- Список на опрема, Извештај бр.003/2016 од 28.01.2016 година

-Информација за економско финансиската состојба број 0905-23/41 од 23.06.2016 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- Доказ за вработување (копии од обрасците M1/M2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за: дипл.маш.инж. Јосков Ристо; дипл.маш.инж. Ташев Перо; дипл.универзитетски инж. по машинство Виктор Мустеников; дипл. сообраќаен инж. Камчев Миле и дипл.маш.инж. Горан Митрев;

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ